РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОНЧЕ
Бр. 09-681/3
30.05 2022 год.
КОНЧЕ

Друштво за производство, трговија и услуги
ЕВТИМОВ увоз-извоз дооел
Бр. 32-2210/
30.05.2022 год.
РАДОВИШ

ДОГОВОР

За стручен надзор над инфраструктурни и други градежни објекти

Склучен помеѓу:

1. Општина Конче (во натамошниот текст: договорен орган) застапувана од Градоначалникот Златко Ристов

2. Евтимов дооел Радовиш (во натамошниот текст - носител на набавката) застапувано од управителот : Букче Евтимов.

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

Член 1

Предмет на Договорот е: Вршење на стручен надзор над изградба на инфраструктурни и други градежни објекти во се како во техничката спецификација и понудата кои се составен дел на договорот, со средства планирани во Буџетот на Општина Конче за 2022 год.

ВРЕДНОСТ НА УСЛУГИТЕ

Член 2

За извршување на надзорните услуги предвидени во чл.1 од овој договор договорниот орган се обврзува да му исплати на носителот на набавката 1.98% (со зборови): еден запирка деведесет и осум проценти од вкупната вредност на договорот за градежните работи.

Вкупната вредност на договорот за Вршење на стручен надзор над изградба на инфраструктурни и други градежни објекти изнесува 627.120,00 денари без ДДВ, односно 740.001,6 денари со пресметан ДДВ.

НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 3

Плаќањето на средствата од чл. 2 на овој договор ќе се врши заедно со доставувањето на времени и завршна ситуација од носителот на набавката со фактури потпишани од надзорниот орган во рок не подолг од 60 дена.

ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 4

Договорниот орган е должен:

- Пред почнување на работите на носителот на набавката да му предаде комплетна техничка документација;
- Да соработува со носителот на набавката со цел предметот на договорот да се изврши на време и квалитетно.
- Да ги измири преземените обврски во законски рок.

## ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 5

Носителот на набавката е должен:

-Преземените работи да ги изврши стручно, одговорно и квалитетно во согласност со современите достигнувања, стандарди и закони;

-да ја проучи предмер-пресметката и доколку констатира недостатоци или испуштени работи да го извести договорниот орган за нивно навремено отстранување;

-да предлага измени и дополнувања на предмер-пресметката доколку за тоа има потреба;

-да врши надзор над времените пресметки (ситуации) и завршна пресметка која ја поднесува изведувачот на работите до договорниот орган;

-да врши надзор дали изведувачот на работите се придржува на утврдените рокови во договорот и динамиката на градење;

-да врши контрола на калкулациите доколку има потреба;

-да ги проверува и да ги потпишува градежниот дневник и градежната книга;

-да учествува при интерниот и техничкиот прием за извршените работи заедно со договорниот орган;

-Редовно да го известува договорниот орган за текот на работите и писмено да го извести договорниот орган за завршетокот на работите;

## РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

Член 6

Рокот за извршување на услугите од чл.1 на овој договор изнесува 1 година од денот на склучување на договорот.

ОДГОВОРНОСТ ЗА НЕДОСТАТОЦИТЕ

Член 7

Изведувачот на градежните работи одговара за недостатоците во изработката на градежниот објект што се однесуваат на неговата солидност, доколку тие недостатоци би се покажале за време од десет години од предавањето и приемот на работите во согласност со одредбите од Законот за облигационите односи. Истото важи и за лицето кое врши надзор, ако недостатокот произлегува од некој недостаток во вршењето на надзорот.

Член 8

Договорниот орган е должен за недостатоците да го извести носителот на набавката во рок од шест месеци од кога го установил недостатокот, инаку го губи правото да се повика на него.

Правото на Договорниот орган спрема носителот на набавката, врз основа на неговата одговорност за недостатоците престанува за една година, сметајќи од денот кога Договорниот орган го известил носителот на набавката за недостатокот.

Член 9

Носителот на набавката не се ослободува од одговорноста ако штетата настанала поради тоа што при изведувањето на определени работи постапувал според барањата на Договорниот орган.

Доколку носителот на набавката го предупредил Договорниот орган за опасноста од штетата пред извршувањето на определена работа, неговата одговорност се намалува, а според околностите на конкретниот случај може и да се исклучи.

ДРУГИ ОДРЕДБИ

Член 10

За се што не е предвидено во овој договор важат одредбите од Законот за јавни набавки, Законот за облигационите односи и посебните прописи за градење.

Член 11

Во случај на спор кој може да дојде во врска со толкувањето и извршувањето на овој договор, договорните страни ќе настојуваат да го решат спогодбено.

Ако спорот не се реши спогодбено, надлежен за решавање на истиот ќе биде Основниот суд во Струмица.

Член 12

Договорот е составен во (четири) еднообразни примероци од кои после потпишувањето и заверката 2 (два) примерока добива договорниот орган а 2 (два) носителот на набавката и стапува во сила со денот на потпишувањето од страна на претставниците на договорните страни.

| | |
|---|---|
| Носител на набавката | Договорен орган |
| Евтимов Дооел | Општина Конче |
| Управител | Градоначалник |
| Љупче Евтимов | Златко Ристов |

Образец на понуда

**Евтимов доoел**
**ул. Партизанска бр. 55 Радовиш**
**тел: 032 630 882, 071 279 888**
**веб: www.edeisgn.mk_email: evtimov@edeisgn.mk**

---

Врз основа на огласот број **06533/2022** објавен од страна на Општина Конче, за доделување на договор за јавна набавка на: **Вршење на стручен надзор над изградба на инфраструктурни и други градежни објекти** со спроведување на поедноставена отворена постапка, преку Електронскиот систем за јавни набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk), и на тендерската документација која ја подигнавме од договорниот орган, ја поднесуваме следнава:

КОРЕГИРАНА ПОНУДА

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: Евтимов дooел

I.2. Контакт информации

- Адреса: Партизанска 5, Радовиш
- Телефон: 071 279 888
- Факс: /
- Е-пошта: evtimov@edesign.mk
- Лице за контакт: Љупче Евтимов

I.3. Одговорно лице: Љупче Евтимов

I.4. Даночен број: МК4023005116532

I.5. Матичен број: 6044590

**Дел II – Техничка понуда**

II.1. Согласни сме да ги понудиме следните услуги

**Предмер - Пресметка**
**за вршење на стручен надзор**

| ред. бр. | Опис на работата | единечна мера | Вредност на процентот без ДДВ |
|---|---|---|---|
| 1 | Вршење на годишен стручен надзор | % | 1,98% |

**Дел III – Финансиска понуда**

Вкупната цена на нашата понуда (изразена како процент), вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: 1.98% проценти, односно (едензапирка деведесетиосум проценти) *[со букви]*.

III.3. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.
III. 4. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Место и датум

Радовиш, 19.05.2022 г

Одговорно лице*

LJUPCHE EVTIMOV

Digitally signed by LJUPCHE EVTIMOV
DN: o=EVTIMOV DOOEL RADOVISH, c=MK, email=evtimov@eosign.mk, sn=EVTIMOV, givenName=LJUPCHE, cn=LJUPCHE EVTIMOV
Date: 2022.05.19 14:25:41 +02'00'

(потпис)

*Образецот на понудата може да биде потпишан и од лице овластено од одговорното лице